Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 256/0306
05.10 20 22 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 19-ти септември 2022 година, врз основа на примена жалба од адвокат Тамара Славеска Апостоловски, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Текстот на интернет – порталот „Плусинфо.мк“, насловен „Ковачки го прозва директорот на ДБКИ Дали е Славески под истрага за мито?“, не ги прекршил етичките и професионални стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 6-ти септември 2022 година, адвокат Тамара Славеска Апостоловски, во својство на полномошник на директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ), Стојан Славески, поднесе жалба за текстот со наслов „Ковачки го прозва директорот на ДБКИ Дали е Славески под истрага за мито?“, објавен на 1-ви септември 2022 година на интернет – порталот „Плусинфо“ (www.plusinfo.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, незастапена втора страна, повреда на принципот на презумпција на невиност и заштита на сведоци и повреда на начелото дека новинарот треба да ги почитува законите во државата, но дека нема да објави или скрие ништо што е спротивно со јавниот интерес, односно, дека во содржината се прекршени членовите 1, 5 и 8 од Кодексот на новинарите.

Подносителот на претставката појаснува дека медиумот објавил вест во која го пренел статусот на пратеникот на партијата ВМРО-ДПМНЕ, Драган Ковачки, објавен на „Фејсбук“, во кој тој го обвинувал жалителот дека против него е покрената кривична постапка и обвинение за испраќање луѓе на дипломатска мисија во Брисел и за земање мито за издавање на безбедносни сертификати.

Жалителот смета дека целта на оспорениот текст на „Плусинфо.мк“ не е информирање за прашања од јавен интерес, туку ширење непроверени и лажни информации, односно дезинформации, со цел нарушување на угледот на жалителот.

Подносителот на жалбата потенцира дека текстот е едностран, односно втората страна била целосно изоставена, на начин, што порталот воопшто не побарал произнесување од жалителот пред да ја објави веста во која Славески бил клеветен за криминал. Во исто време, жалителот забележува дека медиумот не го објавил и демантот што директорот на ДБКИ го поставил на „Фејсбук“ како одговор на обвинувањата на пратеникот Ковачки.

*„Дополнително, интернет – порталот не побарал информација од Јавното обвинителство дали навистина се води кривична постапка, односно дали е покренато обвинение против жалителот, со што грубо ја нарушил презумцијата на невиност“,* се наведува во жалбата.

Жалителот, на крајот од поднесената претставка, упатува на повеќе членови од Кодексот на новинарите и од Насоките за етичко известување во онлајн медиумите, за кои смета дека се прекршени во оспорениот текст.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Плусинфо.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Раководителот на медиумот, Бранко Героски, одговори на наводите на жалителот.

Героски потенцира дека наводите објавени од пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ, Драган Ковачки на „Фејсбук“, кои ги пренел „Плусинфо“, несомнено се прашања од битен јавен интерес. Тој дополнува дека вообичаена пракса и на светските и на домашните државници и политичари е своите официјални ставови, мислења и наводи да ги соопштуваат и преку своите официјални профили на социјалните мрежи Фејсбук и Твитер и оти затоа, тие објави од медиумите се третираат како изјави од официјален карактер.

Во однос на наводите на жалителот дека „Плусинфо“ не го застапил мислењето на втората страна, Героски категорично укажува дека само половина час по објавувањето на текстот во кој е пренесена објавата на Ковачки, Плусинфо објавил текст под наслов „ОБВИНУВАЊАТА ПРОТИВ МЕНЕ СЕ ИЗМИСЛИЦИ Славески побара од Ковачки веднаш да го избрише постот на Фејсбук“, во кој била пренесена изјава на Стојан Славески од ДБКИ. Тој додава дека во овој текст бил објавен и хиперлинк што водел кон текстот за објавата на пратеникот Ковачки.

Раководителот на порталот заклучува дека, иако како медиум имаат целосно разбирање за загриженоста на жалителот Славески, поради опасноста со евентуално ширење лажни вести, да биле нарушени неговите чест и углед, сепак „Плусинфо“ не можел да ја прифати одговорноста за наводно еднострано информирање и кршење на презумпција на невиноста со пренесувањето на објавата на пратеник и член на највисокото раководство на водечката опозициска партија. Во овој контекст, тој посочува дека медиумите не можат да се обврзат да ги игнорираат изјавите на политичарите и јавните службеници, но дека можат и треба да ја почитуваат етичката обврска да ја сослушаат и другата страна, што „Плусинфо“, во случајов, го испочитувал.

*„Во својата објава на Фејсбук – повторуваме, пренесена од Плусинфо речиси истовремено со обжалениот текст! - г-н Славески побарал г-н Ковачки да ја повлече својата објава на Фејсбук и најавил дека во спротивно ќе побара судска заштита на своите права. Го охрабруваме г-н Славески да го стори тоа, бидејќи тоа е единствениот начин да добие сатисфакција, откако претходно во фер судска постапка ќе докаже дека г-н Ковачки ја нарушил презумпцијата на невиноста и ширел лажни вести со кои нанел штета на неговите чест и углед.“,* пишува, меѓу другото, Героски во одговорот на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и едногласно одлучи дека во текстот на „Плусинфо“ нема прекршување на Кодексот на новинарите.

Комисијата во оспорената содржина не најде повреда на членовите 1, 5 и 8, на кои упатува жалителот во поднесената претставка.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 19-ти септември 2022 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за информација во која медиумот пренесува „фејсбук“ статус на пратеникот и член на Извршниот Комитет на ВМРО-ДПМНЕ, Драган Ковачки, во кој тој наведува дека против директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ), Стојан Славески, било покренато обвинение за земање мито за испраќање луѓе во дипломатска мисија и за издавање безбедносни сертификати.

Без да навлегува во утврдување на вистинитоста на изнесените наводи на пратеникот, пренесени од „Плусинфо“, став на Комисијата е дека содржината произлегува од јавниот интерес, зашто информациите поврзани со работата и евентуалното несовесно работење на државните функционери е легитимна новинарска цел и не треба да бидат изземени од теми за кои јавноста има право да биде информирана.

Комисијата се согласи дека текстот е етички и коректен, откако констатираше дека статусот на пратеникот Ковачки е пренесен интегрално и без полемичен коментар од страна на „Плусинфо“, што би упатувало на евентуална политичка тенденциозност, пристрасност или прејудицирање вина. Одлуката да се отфрли претставката како неоснована, членовите на Комисијата ја темелат и на фактот дека половина час по објавувањето на оспорениот текст, порталот го објавил и демантот/одговорот на жалителот Славески во однос на наводите на пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ[1]. Со правовременото објавување на демантот на жалителот, медиумот покажал чувство на морална одговорност и го заштитил својот интегритет и индиректно го испочитувал основното новинарско правило за „втора страна“.

Со оглед дека во случајов се работи за информација преземена од „Фејсбук“ , Комисијата во оваа прилика потсетува дека медиумите се одговорни и за искажаното на социјалните мрежи, зашто со нивното објавување, таквите содржини добиваат јавност и не ги амнестираат од

[1] https://plusinfo.mk/obvinuva-ata-protiv-mene-se-izmislici-slaveski-pobara-od-kovachki-vednash-da-go-izbrishe-postot-na-fe-sbuk/

одговорност самите медиуми. Затоа, во отсуство на официјална потврда, новинарите би треба да изразат резерва, воздржаност, па дури и сомнеж, на начин што во рамките на самиот текст ќе се оградат од наводите и јасно ќе посочат дека, како медиум, ќе се обидат во разумно време да ги потврдат или демантираат информациите преземени од социјалните мрежи.

При одлучување, Комисијата го зеде предвид и:

* **Член 4 од Декларацијата за слобода на политичката расправа во медиумите** (Комитет на министрите на 872 состанок од 12.12.2014) каде се вели дека:

„Функционерите мора да го прифатат фактот дека се, особено преку медиумите, подложни на јавен надзор и критика за начинот на кој начин ги обавувале или ги обавуваат своите функции, ако тоа е потребно за обезбедување транспарентност и одговорно вршење на нивните функции.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

**Се обврзува интернет – порталот „Плусинфо“ (www.plusinfo.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595